Електронски систем
Биро за јавни набавки

Министерство за Финансии - Биро за јавни набавки

Палата "23 Октомври", ул. Даме Груев бр.12
1000 Скопје, Република Македонија
Телефон: 02/3255-689
http://bjn.gov.mk

# ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА СКЛУЧЕН ДОГОВОР ЗА ЈАВНА НАБАВКА

## ДЕЛ I: ДОГОВОРЕН ОРГАН

I.1) Податоци за договорниот орган

I.1.1) Назив на договорниот орган: **Собрание на Република Македонија**

I.1.2) Адреса: **11 Октомври бр. 10**

I.1.3) Град и поштенски код: **Скопје 1000**

I.1.4) Интернет адреса: **www.sobranie.mk**

I.1.5) Лице за контакт: **Александар Лазов** Адреса на е-пошта: **javninabavki@sobranie.mk** Телефон/Факс: **3119599/3119599**

I.2) Категорија на договорен орган, негова главна активност или дејност:

**Државни органи - Општи јавни услуги**

## ДЕЛ II: ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ ЗА ЈАВНА НАБАВКА

II.1) Предмет на договорот за јавна набавка:
**Проектантски надзор**

II.2) Вид на договорот за јавна набавка: **Услуги - Категорија на услуга: бр.12**
**Архитектонски услуги; инженерски услуги и интегрални инженерски услуги; услуги за просторно планирање и инженерски услуги за уредување на земјиштето; поврзани научни и технички советодавни услуги; услуги за технички испитувања и анализа**
Место на испорака на стоките или извршување на услугите, или локација на извршување на работите:
**Собрание на Република Македонија ул. 11 октомври бб 1000 Скопје**

II.3) Дали договорот е од опфатените дејности (секторски договор):

II.4) Дали постапката ќе ја спроведе Централно тело: **Не**

II.5) Групна набавка: **Не**

II.6) Подетален опис на предметот на договорот за јавна набавка:
**Вршење на проектански надзор на изведувањето на Проектот за доградба, надградба, адаптација и зајакнување на објектот на Собранието на Република Македонија.**

II.7) Референтна номенклатура за доделување на договор за јавна набавка (ОПЈН):

II.8) Дали предметот на набавката е делив: **Не**

II.9) Рамковна спогодба: **Не**

II.10) Времетраење на договорот:
**Период во месеци: 24**

## ДЕЛ III: ПОСТАПКА

III.1) Вид на постапка: **Постапка со преговарање без претходно објавување на оглас**

Оправданост за изборот на постапката со преговарање без претходно објавување:
**кога од технички или уметнички причини, односно од причини врзани за заштита на ексклузивните права (патенти и сл.), договорот може да го изврши само одреден економски оператор**

Дополнително образложение за изборот на постапката со преговарање без претходно објавување:
**I. Согласно член 19 став 1 од Законот за градење, заради контрола на реализацијата на проектот во текот на изградбата, проектантот може да врши проектантски надзор по барање на инвеститорот. Член 49 став 1 од истиот закон меѓу другото утврдува дека проектантот може да врши преглед на работите во текот на изградбата заради утврдување дали градбата се изведува согласно со основниот проект при што инвеститорот и изведувачот се должни на проектантот да му овозможат да изврши преглед на работите. Согласно член 99 став 1 точка 1 алинеја 2 од Законот за јавните набавки, договорниот орган спроведува постапка со преговарање без претходно објавување на оглас за набавка на стоки, работи и услуги кога од технички или уметнички причини, односно од причини поврзани за заштита на ексклузивните права (патенти и слично), договорот може да го изврши само одреден економски оператор. II. Собранието на Република Македонија има склучено Договор број 03-715/12 од 25.03.2008 година и Анекс договор број 03 - 715/129 од 10.12.2008 година за изработка на Проектна документација за доградба, надградба и адаптација на објектот на Собранието на Република Македонија со "МАКЕДОНИЈАПРОЕКТ" АД - Скопје. Категоријата на објектот на Собранието, со сложеноста и специфичноста од една страна, како и потребата за стручна и навремена интервенција на проектите при сите непредвидени состојби при изградбата на објектот, во делот на зајакнувањето, доградбата, надградбата и адаптацијата, бара од проектантот ангажирање на дополнителни ресурси и време. Имено, потребата од континуиран проектантски надзор ја наметнуваат: сложеноста на постапката за зајакнување на**

**конструкцијата и промените кои настануваат поради непредвидени ситуации и навременото решавање на проблемите во останатите фази на градбата (архитектура, електрика, машинство, хидроинсталации) произлезени од реализацијата на зајакнувањето ја наметнуваат потребата од дополнителен ангажман на проектантите во целиот период на реализација на градбата. На овој начин ќе се овозможи препроектирање и давање на нови решенија за новонастанатите состојби на сите катови и делови од објектот на Собранието; дополнителениот ангажман на проектантите потребен во врска со измените на решението за Собранискoто студио со фазите архитектура, електрика и машинство, произлезено од појавата на витална машинска инсталација што не смее да се дислоцира, како и дополнителната потреба од зајакнување на темелите и столбовите под салата и во салата "Борис Трајковски", што воопшто не беше предвидено со првобитниот проект, бидејќи истото не можеше да се предвиди; Проектот за носивата челична конструкција треба да се преработи со примена на крута врска при налегнувањето, со што ќе се поедностави самата изведба и ќе се намали килажата на челикот, а со тоа ќе се намалат и трошоците. Со измената на носивата челична конструкција, потребно е да се направат соодветни измени и во фазите: архитектура, електрика, машинство и хидроинсталации и изведување на неопходни работи во врска со Компјутерскиот центар и поради други дополнителни непредвидени работи кои произлегуваат во текот на градбата. Од сето горе наведено, а од причина што се изведуваат работи на стар објект граден 1938 година, како и од фактот дека се работи за сложена и многу важна градба, произлегува дека е неопходно дополнително ангажирање на проектантот "Македонијапроект" со перманентно следење на градбата во сите делови и фази, вршење на измени на проектот према новонастанатите состојби и потреби, односно вршење на континуиран Проектански надзор, што е предвидено и со Законот за градење. Со оглед на тоа што во целиот тек на реализирањето на Проектот за доградба, надградба, адаптација и зајакнување на објектот на Собранието на Република Македонија се наметнува потребата од континуирано вршење на проектантски надзор поради настани кои не можеле да се предвидат, а кои произлегуваат во текот на изградбата, како и поради итноста од континуираниот проектантски надзор во целиот тек на изведувањето на работоте, се одлучи да се спроведе постапка за јавна набавка со преговање без објавување на оглас.**

III.2) Меѓународна објава: **Не**

III.3) Критериум за доделување на договор за јавна набавка: **Најниска цена**

III.4) Дали постапката за доделување на договор за јавна набавка била реализирана со користење на електронски средства? **Не**

III.5) Дали била користена електронска аукција? **Не**

## ДЕЛ IV: СКЛУЧУВАЊЕ НА ДОГОВОР ИЛИ РАМКОВНА СПОГОДБА

IV.1) Услови под кои е склучен договорот или рамковната спогодба

IV.1.1) Датум на склучување на договор или рамковна спогодба: **16.12.2010**

IV.1.2) Број на добиени понуди: **1**

IV.2) Информации за носителот на набавката со кој е склучен договорот
Име на носителот на набавката: **Акционерско друштво за проектирање, инженеринг и трговија МАКЕДОНИЈАПРОЕКТ**
Адреса на носителот на набавката: **ул. 27 март**

Град или населено место: **Скопје** Држава: **МКД**

IV.3) Информации за вредноста на договорот

IV.3.1) Проценета вредност на договорот или рамковната спогодба: **4500000 ден.**

IV.3.2) Вредност на склучениот договор со вклучен ДДВ : **4500000 ден.**

IV.5) Датум на доставување до Биро за јавни набавки: **03.01.2011**